РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 15-8082/2
13-12-2021 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ПЛАН

на единицата за внатрешна ревизија во

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

за 2022 година

Декември,2021 година

Скопје

**Содржина**

I. ВОВЕД

II. ВРСКА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

2.2. Активности во врска со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО (се наведува тековната година)

3.1. Ревизии кои се пренесени од претходната година

3.2. Поединечни ревизии (внесете ја тековната година)

3.3. Други активности на внатрешната ревизија

IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

4.1. Утврдување на можен број ревизорски денови во годината

4.2. Пресметка на потребното време за активностите во Годишниот план

V. ЗАКЛУЧОК

## I. ВОВЕД

Годишниот план за 2022 година е изготвен врз основа на Стратешкиот план 2022 година - 2024 година на внатрешната ревизија донесен од страна на Министерот за труд и социјална политика.

Во него се содржани активностите на внатрешната ревизија во врска со остварувањето на целите на ЕВР од Стратешкиот план 2022 година - 2024 година со што се одредени целите, опфатот, методологијата, времетраењето на ревизијата и ресурсите кои се потребни за извршување на секоја поединечна ревизија за 2022 година.

Во случај на потреба, а поврзано со значителните промени кои може да се појават во работењето во текот на годината и кои влијаат на активностите на внатрешната ревизија, Годишниот план ќе се ажурира.

Секоја промена на Годишниот план го одобрува Министерот за труд и социјална политика.

## II. ВРСКА НА СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

### 2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

Поединечните ревизии планирани за 2022 година усогласени се со усвоениот Стратешки план за ревизија 2022 година – 2024 година. Односот помеѓу задачите кои се планирани во стратешкиот и годишниот план прикажан е во следната табела:

**Табела 1: Врска на планираните ревизии во Стратешкиот и Годишниот план**

| Приоритетни области на ревизија во првата година на Стратешкиот план | Планирани ревизии во тековната година |
|---|---|
| Ревизија на препораките | Ревизија на препораките дадени во конечниот извештај од 2020 година во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје |
| Ревизија на регуларност | Ревизија на регуларност за 2021 година во ЈУ МЦСР Гостивар |
| Ревизија на финансиско работење за 2021 година | Ревизија на финансиско работење за 2021 година во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско |
| Ревизија на мониторинг на проект од ИПА II | Ревизија во Сектор за европска интеграција при Министерство за труд и социјална политика за ИПА II |

Годишниот план за ревизија за 2022 година е со отстапување од Стратешкиот план 2021 година - 2023 година поради нова проценка на ризиците.

### 2.2. Активности поврзани со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

Внатрешна ревизија ќе ги спроведе следните активности и поединечни ревизии со цел реализација на поставените цели, односно насоката на работа на внатрешната ревизија:

**Табела 2: Активности поврзани со остварувањето на целите на ЕВР**

| Бр. | Цел на внатрешната ревизија | Активности на внатрешната ревизија за остварување на целите | Планирање на поединечните ревизии |
|---|---|---|---|
| 1. | Утврдување и оценување на спроведените препораки од конечен извештај | Следење на спроведувањето на препораките | Ревизија на препораките дадени во конечниот извештај од 2020 година во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје |
| 2. | Проценка дали работењето е во согласност со законските и подзаконските и интерните акти што се во сила | Извршување на поединечна ревизија | Ревизија на регуларност за 2021 година во ЈУ МЦСР Гостивар |
| 3. | Утврдување на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи | Извршување на поединечна ревизија | Ревизија на финансиско работење за 2021 година во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско |
| 4. | Утврдување и оценување на системот за внатрешна контрола | Извршување на поединечна ревизија | Ревизија на системот за внатрешна контрола во Сектор за европска интеграција при Министерство за труд и социјална политика за ИПА II |

- Ревизија на препораките дадени во конечниот извештај од 2020 година во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје. Контрола на спроведените препораки дадени во Конечен извештај;

- Ревизија на системот за внатрешна контрола за 2020 година во ЈУ МЦСР Гостивар. Контрола на работа на установата во делот на прием на барања за остварување на права од социјална и детска заштита, оформување на предмет и издавање на соодветно решение;

- ЈУ Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско. Контрола на сите финансиски текови во установата, контрола на спорведувањето на јавните набавки и контрола на материјалното работење кое ќе придонесат за осознавање на правилно прикажаните резултати во финансиските извештаи на установата;

- Ревизија на системот за внатрешна контрола во Сектор за европска интеграција при Министерство за труд и социјална политика за ИПА II. Осознавање на спорведувањето на проверка во процесот на програмирање;

## III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2022 ГОДИНА

### 3.1. Ревизии пренесени од претходната година

Од Годишниот план 2021 година, не е спроведена 1 поединечна ревизија, односно спроведени се 4 поединечни ревизии.

Следниве задачи се вклучени во Годишниот план за 2022 година:

### 3.2. Поединечни ревизии во 2022 година

Внатрешна ревизија во 2022 година ќе ги спроведе следните поединечни ревизии поради реализација на целите кои се дефинирани во Стратешкиот план за период 2022 година - 2024 година како што следува:

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија на препораките дадени во конечниот извештај од 2020 година во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје |
| Ниво на ризик (висок, среден, низок) : | среден |
| Цел на ревизијата: | Утврдување и оценување на спроведените препораки од конечен извештај |
| Опфат на ревизијата: | Следење на спроведените препораки |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | / |
| Институции во надлежност | ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје |
| Ревизорски методи: | - интервју со надлежните лица<br>- увид во документацијата<br>- анализа на податоците<br>- споредба на актуелната состојба со препораките од конечниот извештај и дискусија |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија на регуларност за 2021 година во ЈУ МЦСР Гостивар |
| Ниво на ризик (висок, среден, низок) : | среден |
| Цел на ревизијата: | Проценка дали работењето е во согласност со законските и подзаконските и интерните акти што се во сила |
| Опфат на ревизијата: | Постапка на остварување на права од социјална или детска заштита |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | / |
| Институции во надлежност | ЈУ МЦСР Гостивар |
| Ревизорски методи: | - интервју со надлежните лица<br>- увид во документацијата<br>- анализа на податоците<br>- утврдување на актуелната состојба и дискусија |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија на финансиско работење за 2021 година во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско |
| Ниво на ризик (висок, среден, низок) : | висок |
| Цел на ревизијата: | Утврдување на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи |
| Опфат на ревизијата: | Контрола на сите финансиски текови во установата, контрола на спроведувањето на јавните набавки и контрола на материјалното работење кое ќе придонесат за осознавање на правилно прикажаните резултати во |

| | |
|---|---|
| | финансиските извештаи на установата |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | / |
| Институции во надлежност | ЈУ Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско |
| Ревизорски методи: | - интервју со надлежните лица<br>- увид во документацијата<br>- анализа на податоците<br>- утврдување на актуелната состојба и дискусија |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија на системот за внатрешна контрола во Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка при Министерство за труд и социјална политика за ИПА II |
| Ниво на ризик (висок, среден, низок) : | среден |
| Цел на ревизијата: | Утврдување и оценување на системот за внатрешна контрола во делот на мониторирање |
| Опфат на ревизијата: | Спроведување на мониторинг на проект од ИПА II |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка при Министерство за труд и социјална политика |
| Институции во надлежност | / |
| Ревизорски методи: | - интервју со надлежните лица<br>- увид во документацијата<br>- анализа на податоците<br>- утврдување на актуелната состојба и дискусија |

Планираните ревизии ќе бидат спроведени според следниот распоред:

**Табела 3: Годишен план за ревизија – приказ по месеци**

| Име на ревизија | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ревизија на препораките дадени во конечниот извештај од 2020 година во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје | | | | | | | | | | | | |
| Ревизија на регуларност за 2021 година во ЈУ МЦСР Гостивар | | | | | | | | | | | | |
| Ревизија на финансиско работење за 2021 година во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско | | | | | | | | | | | | |
| Ревизија на системот за внатрешна контрола | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка при Министерство за труд и социјална политика за ИПА II | | | | | | | | | | | | |

### 3.3. Други активности на внатрешната ревизија

Секторот за внатрешна ревизија во тековната година се соочува и со обврски надвор од Годишниот план за ревизија и тоа:

- следење на спроведувањето на препораките и на ефектите од нивната реализација;

- ажурирање на Стратешкиот и изготвување на Годишниот план за следната година;

- можноста за извршување на ревизии на барање на раководството (ad hoc ревизии) соработка со ЕВР воспоставени во институциите од надлежност;

- изготвување на Годишни, полугодишни и квартални извештаи;

- организацијата на квартални/полугодишни состаноци.

## IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

### 4.1. Утврдување на можен број на ревизорски денови во годината

Можен број на ревизорски денови во тековната година се пресметува за секој ревизор во ЕВР.

**Табела 4: Пресметка на бројот на ревизорски денови во 2022 година**

| Расположливи работни денови во 2021 година | | |
|---|---|---|
| Месец | Број на расположливи денови во месецот | ЕВ |
| Јануари | 19 | 19 |
| Февруари | 20 | 20 |
| Март | 22 | 22 |
| Април | 22 | 22 |
| Мај | 18 | 18 |
| Јуни | 22 | 22 |
| Јули | 23 | 23 |
| Август | 21 | 21 |
| Септември | 21 | 21 |
| Октомври | 20 | 20 |
| Ноември | 22 | 22 |
| Декември | 22 | 22 |
| | 252 | **252** |
| Годишен одмор | | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| Едукации | | 10 |
| Работни денови | | **218** |
| Останати активности - кои не се поврзани со директната ревизија | | 80 |
| Активни ревизорски денови по ревизор | | **138** |

### 4.2. Пресметката на потребното време за активностите во Годишниот план

Со споредување на потребите за човечки ресурси со реалниот број на внатрешни ревизори во ЕВР произлегува дека ЕВР има недоволен број на човечки ресурси за исполнување на целите од овој Годишен план.

## V. ЗАКЛУЧОК

**Во текот на 2022 година согласно усогласените ризици и приоритети ќе се реализираат следните ревизии и тоа:**

- Ревизија на препораките дадени во конечниот извештај од 2020 година во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение – Скопје,

- Ревизија на регуларност за 2021 година во ЈУ МЦСР Гостивар,

- Ревизија на финансиско работење за 2021 година во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско,

- Ревизија на системот за внатрешна контрола во Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка при Министерство за труд и социјална политика за ИПА II.

Датум: 13.12.2021 година

| Потпис на раководителот на внатрешната ревизија | Потпис на одговорното лице на институцијата |
|---|---|
| ________________________ | ________________________ |